ЗАКОН ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Службен В. на Р.М. бр: 52/2005 од 04.07.2005

Влегува во сила на: 12.07.2005

Измени Сл.В. на Р.М.:
81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016; 64/2018; 3/2025; 74/2025;

Извор: СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Консолидиран текст**
**- актуелен**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата, надлежностите и овластувањата на просветната инспекција, што ја врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општината и на градот Скопје (во натамошниот текст: просветни инспектори).

### Член 2

(1) Вршењето просветен инспекциски надзор опфаќа надзор на квалитетот на образовниот процес и ефективноста преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи во основното и средното образование и вршење надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.
(2) Просветен инспекциски надзор се врши во: основните училишта, средните училишта, детските градинки, установите за образование на возрасните, установите за образование и оспособување на ученици со посебни образовни потреби (во натамошниот текст: воепитно-образовни установи). Во високообразовните и во научните установи инспекциски надзор се врши над примената на законите со кои се уредува високообра-зовната и научната дејност, за прашања утврдени со овој закон.
(3) Инспекциски надзор се врши и над извршувањето на законите, другите прописи и акти со кои се уредуваат ученичките и студентските домови.
(4) Во постапката при вршење на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за општата управна постапка доколку со овој закон поинаку не е уредено.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>*

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

### Член 3

Членот 3 се брише.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 03.01.2025 >>*

### Член 4

(1) Државниот просветен инспекторат се организира согласно со неговите надлежности и согласно со законот и другите прописи со подрачни организациони облици, според мрежата на училиштата и јазикот на кои се изведува наставата.
(2) Поблиску организационата поставеност на Државниот просветен инспекторат ќе се уреди со посебен акт за

организација.
(3) Во актот за систематизација на работните места на Државниот просветен инспекторат, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓани кои припаѓаат на сите заедници согласно со условите пропишани со овој закон.
(4) Државниот просветен инспекторат непосредно соработува со Бирото за развој на образованието, со органите на општината, односно на градот Скопје, училишните одбори, советите на родители, како и со други надлежни органи и институции.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 05.12.2013; Се применува од 01.05.2014 >>*

### Член 5

(1) Државниот просветен инспекторат го раководи директор кој на предлог на министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот), го именува Владата на Република Македонија. Во отсуство на директорот го заменува раководен државен службеник кој врши инспекциски надзор, што тој ќе го определи.
(2) За именување на директорот на Државниот просветен инспекторат се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
(3) За директор на Државниот просветен инспекторат може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
4) има најмалку пет години работно искуство како наставник, стручен соработник или секретар во основно, односно средно училиште или во орган на управата надлежен за работите од областа на образованието;
5) да има потврда или сертификат за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга, не постари од пет години, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик, германски јазик и италијански јазик.
(4) Мандатот на директорот трае четири години, со право на уште еден последователен мандат.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 03.01.2025 >>*

### Член 5-а

(1) Директорот изготвува предлог на годишна програма за работа на инспекторатот и истата ја доставува до Инспекцискиот совет, најдоцна до 31 октомври во тековната година за следната година.
(2) Директорот ја донесува годишната програма за работа на инспекторатот во рок од седум дена од денот на приемот на согласноста од Инспекцискиот совет, односно најдоцна до 10 декември во тековната година доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави согласност, односно забелешки во рокот утврден со закон.
(3) Врз основа на донесената годишна програма директорот подготвува квартални планови за работа на секој инспектор кои збирно ги доставува на разгледување до Инспекцискиот совет најдоцна две недели пред почетокот на следниот календарски квартал и тоа до 15 декември за првиот квартал од следната година, до 15 март за вториот, до 15 јуни за третиот, односно до 15 септември за четвртиот квартал во тековната година.
(4) Во кварталните планови за работа за секој инспектор директорот задолжително го внесува бројот на планирани надзори во следните три месеци, како и степенот на сложеност на секој од надзорите.
(5) Врз основа на кварталните планови за секој инспектор директорот подготвува месечен план за работа, кој план содржи и распоред на надзори по датуми и по субјекти на надзор.
(6) Директорот најдоцна две недели од почетокот на тековниот календарски квартал за претходниот до Инспекцискиот совет збирно доставува квартални извештаи за работата на секој инспектор и тоа до 15 јануари за четвртиот квартал од претходната година, до 15 април за првиот квартал, до 15 јули за вториот, односно до 15 октомври за третиот квартал во тековната година.
(7) Директорот најдоцна до 1 март во тековната година до Инспекцискиот совет доставува годишен извештај за работата на инспекторатот за претходната година.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 05.12.2013; Се применува од 01.05.2014 >>*

### Член 6

Инспекциски надзор во рамките на надлежноста на Државниот просветен инспекторат го вршат државни просветни инспектори.

### Член 7

(1) Работните места на просветните инспектори се класифицираат во категориите Б и В и соодветните нивоа во согласност со одредбите од Законот за инспекциски надзор.
(2) Кандидатот за просветен инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува и посебните услови за вработување на инспектор утврдени во членот 40 став (1) од Законот за инспекциски надзор, да има завршено образование за наставник и работно искуство во воспитно-образовна установа, верифицирана од Министерството за образование и наука, како и други услови утврдени со актот за систематизација на работните места.
(3) Кандидатот за просветен инспектор од категорија В, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува и посебните услови за вработување на инспектор утврдени во членот 40 став (2) од Законот за инспекциски надзор, да има завршено образование за наставник и работно искуство во воспитно-образовна установа, верифицирана од Министерството за образование и наука, како и други услови утврдени со актот за систематизација на работните места.
(4) За просветните инспектори нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање и тоа:
- Б2 - главен инспектор,
- Б3 - помошник главен инспектор,
- Б4 - виш инспектор,
- В1 - советник инспектор,
- В2 - самостоен инспектор,
- В3 - помошник инспектор и
- В4 - помлад инспектор.

(5) Издавањето на лиценците и обуките за стекнување со лиценца за просветен инспектор, се спроведуваат согласно со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 08.04.2025 >>*

## III. НАДЛЕЖНОСТИ НА ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

### Член 8

Државниот просветен инспекторат врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедувањето на квалитетот на образованието, ефективноста преку евалуацијата на работата на воспитно-образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.
Државниот просветен инспекторат врши надзор во воспитно-образовните установи. Во високообразовните установи и во научните установи Државниот просветен инспекторат врши надзор над примената на законите со кои се уредува високообразовната дејност, за прашања утврдени со овој закон.
Државниот просветен инспекторат врши надзор и над извршувањето
на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат ученичките и студентските домови.

### Член 9

Државниот просветен инспекторат врши надзор над:
1) постоење услови за вршење на дејноста во воспитно- образовните, високообразовните и научните установи, ученичките и студентските домови;
2) остварување на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;
3) посебните услови за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи;
4) стручното и педагошкото усовршување на наставници, стручни соработници и воспитувачи и полагањето на стручен испит;
5) употребата од учебници во основните и средните училишта;
6) постапката за избор во наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања;
7) управување и раководење со воспитно-образовните установи за средно образование основани од државата и приватните средни училишта;
8) реализацијата на наставните планови и програми и другите пропишани стандарди и нормативи со кои се уредува воспитно- образовната дејност;
9) реализација на воннаставните активности;
10) реализацијата на експерименталните програми во воспитно- образовните установи;

11) спроведувањето на конкурсот за запишување на учениците и на студентите и на конкурсот за сместување на ученици и студентите во ученичките и студентските домови;
12) водењето на педагошката евиденција и документација, како и нивно издавање и употреба во предучилишното, основното, средното и високото образование и ученичките и студентските домови;
13) водењето на педагошката евиденција и документација во електронска форма и водење на е-дневник врз неделна основа во основното и средното образование;
14) примена на нормативите за бројот на потребните наставници и соработници и за големината на групата на редовни студенти во високообразовните установи;
15) постапката за донесување на студиските програми во високото образование;
16) следење на воспитно-образовниот процес за време на штрајк во предучилишното, основното и средното образование;
17) контрола на средствата стекнати од сопствени извори во установите за средно образование основани од државата;
18) примена на законската регулатива во високото образовните и научните установи и
9) примена на законската регулатива од областа на забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност во воспитно-образовните установи, во високообразовните установи и во научните установи.

---

*<< Консолидација: Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност (Службен весник на Република Македонија број 199/14). >>*

## IV. ОВЛАСТЕНИ ПРОСВЕТНИ ИНСПЕКТОРИ НА ОПШТИНАТА И НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

### Член 10

Градоначалникот на општината, односно на градот Скопје може да овласти лице од општинската, односно администрацијата на градот Скопје за вршење на просветна инспекција (во натамошниот текст: овластен просветен инспектор).
Условите од членот 7 на овој закон се однесуваат и на овластен инспектор на општината и на градот Скопје.
Овластениот просветен инспектор врши надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на образованието од надлежност на општината, односно на градот Скопје, согласно со закон.
Овластениот просветен инспектор врши надзор над:
1) условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
2) условите за работа на воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
3) запишувањето на учениците во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
4) опфатот на учениците согласно со реонизацијата на основните училишта;
5) превозот, исхраната и сместувањето на учениците во воспитно- образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
6) условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
7) постапката за формирање на училишните органи во воспитно- образовните установи основани од општината, односно градот Скопје и
8) контрола на средствата стекнати од сопствени извори во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје.

### Член 11

Доколку градоначалникот на општината, односно на градот Скопје не овластил просветен инспектор за вршење на работи утврдени со овој закон, истите ќе ги врши државниот просветен инспектор на сметка на општината, односно на градот Скопје, до овластувањето на просветен инспектор.
Доколку градоначалникот на општината, односно на градот Скопје овластил просветен инспектор за вршење на работите утврдени со овој закон, а истиот не ги врши, во тој случај работите ќе ги врши државен просветен инспектор на сметка на општината, односно на градот Скопје.

## V. ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ПРОСВЕТНИОТ ИНСПЕКТОР

### Член 12

Овластувањето за вршење надзор, државниот просветен инспектор и овластениот просветен инспектор го потврдува со легитимација.

Формата и содржината на образецот на легитимацијата од ставот 1 на овој член и начинот на нејзиното издавање и одземање го пропишува министерот.
Легитимацијата на државниот просветен инспектор ја издава министерот, а на овластениот просветен инспектор ја издава градоначалникот на општината, односно на градот Скопје.

### Член 13

Просветните инспектори во текот на својот работен век се должни перманентно стручно да се усовршуваат, согласно со закон.

## VI. ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Член 14

Воспитно-образовните установи, високообразовните и научните установи, ученичките и студентските домови се должни да овозможат вршење на надзор и на барање од инспекторот да му ги достават потребните податоци за вршење надзор, во рок од 15 дена од денот на доставување на барањето.

### Член 15

Директорот на Државниот просветен инспекторат донесува годишна програма за работа на Државниот просветен инспекторат и го организира нејзиното спроведување.
Градоначалникот на општината, односно на градот Скопје донесува годишна програма за работа на овластениот просветен инспектор и го организира нејзиното спроведување.
Директорот на крајот на календарската година изготвува годишен извештај за работата на Инспекторатот и го доставува до министерот и Владата на Република Македонија. Извештајот за работа е достапен за јавноста.
Градоначалникот на општината, односно на градот Скопје изготвува годишен извештај за работата на овластениот просветен инспектор. Извештајот за работа е достапен за јавноста.
Извештаите од ставовите 3 и 4 на овој член содржат:
1) оцена за квалитетот на образовниот процес и ефективноста преку евалуацијата на работата на воспитно-образовните установи;
2) општа оцена на состојбите од аспект на почитување на законитоста од страна на воспитно-образовните, високообразовните и научни установи;
3) податоци за бројот на извршените надзори во одделни воспитно- образовни, високообразовни и научни установи;
4) податоци за утврдените повреди и изречените мерки, како и за спроведување на изречените мерки;
5) препораки за подобрување на утврдените состојби и
6) други податоци од значење за работата на Државниот просветен инспекторат, односно за овластениот просветен инспектор.

### Член 16

Директорот на Државниот просветен инспекторат, односно раководниот државен службеник за инспекциски надзор од членот 5 на овој закон е должен да:
- врши увид над работата на државните просветни инспектори,
- ја усогласува работата на државните просветни инспектори,
- дава задолжителни инструкции за работа на државните просветни инспектори, стручна помош и друго и
- директорот донесува годишна програма за работа на Инспекторатот најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>*

### Член 17

Ако за утврдување или оцена на некој факт, што е од значење за решавање на предметот е потребно дополнително стручно знаење, доказот може да се изведе и со помош на стручно лице од соодветната област.
Под стручно лице, во смисла на овој закон, се подразбира лице кое има продлабочени стручни знаења.
Списокот на стручни лица го утврдува министерот.
Стручното лице ќе го определи директорот на Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор од списокот на стручни лица.
Стручното лице подготвува писмено мислење и го доставува до надлежниот инспектор.
Стручното лице треба да го познава и јазикот на учесниците во постапката на надзорот.

### Член 18

Инспекторот е должен во текот и по престанокот на неговото работење, да ги чува сите податоци што ги дознал при вршењето на надзорот, а кои претставуваат класифицирани информации со соодветен степен на тајност определен со закон.
Одредбите од ставот 1 на овој член важат и за стручните лица.

## VII. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Член 19

Државниот просветен инспектор надзорот го врши преку:
- интегрална евалуација на воспитно-образовните установи,
- редовен инспекциски надзор,
- вонреден надзор и
- контролен надзор.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>*

### Член 20

(1) Интегралната евалуација на воспитно-образовната установа опфаќа:
организација и реализација на наставата, условите и културата во воспитно-образовните установи, менаџмент, исполнување и вреднување на работните задачи на наставниците и стручните соработници, професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри, комуникации и односи со јавноста, соработка со родителите и средината и слично.
(2) При спроведување на интегрална евалуација во основните и средните училишта, во делот на вреднување на наставникот, а по претходно барање на Државниот просветен инспекторат, присуствува и претставник од Бирото за развој на образованието.
(3) Интегралната евалуација од ставот 1 на овој член се врши на секоја трета учебна година.
(4) За спроведената интегрална евалуација од ставот 1 на овој член Државниот просветен инспекторат изработува писмен извештај за работата на наставниците и стручните соработници од основните и средните училишта и го доставува до училиштето и до Државниот испитен центар.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.03.2014 >>*

### Член 21

Вонредниот надзор се врши врз основа на иницијатива од страна на ученици, студенти, родители, совет на родители, вработени во воспитно- образовната установа и од други граѓани.

### Член 22

Контролниот надзор се изведува по истекот на рокот определен од инспекцијата за отстранување на недостатоците.

### Член 23

Вонредниот и контролниот надзор може да ги врши и овластениот просветен инспектор во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје.

### Член 24

Постапката на интегралната евалуација се одвива во три фази:
а) подготвителна фаза,
б) фаза на имплементација (спроведување) и
в) фаза на известување.

### Член 25

Пред да се изврши посетата на воспитно-образовната установа државниот просветен инспектор писмено го информира директорот на воспитно-образовната установа, училишниот одбор и советот на родители за својата намера.
Државниот просветен инспектор претходно се договара со директорот на воспитно-образовната установа за целите на неговата посета, како и за програмата на неговите посети на поединечни часови на наставниците.
Државниот просветен инспектор до воспитно-образовната установа испраќа стандардизиран прашалник, кој содржи

информации значајни за Инспекторатот.
Прашалникот треба да биде пополнет од страна на директорот на воспитно-образовната установа и се доставува до инспекторот во рок од осум дена од денот на добивањето на прашалникот.
Инспекцискиот надзор треба да биде реализиран во рок од 22 дена по добивањето на одговорот на прашалникот од страна на воспитно- образовната установа.

### Член 26

По извршениот надзор, инспекторот одржува состанок со одговорните лица на воспитно-образовната установа при што го информира за првичните наоди и заклучоци.
Државниот просветен инспектор изработува извештај и го доставува до воспитно-образовната установа.
Писмениот извештај содржи: вовед, основни податоци за
училиштето, податоци за работата на училиштето, добрите и слабите страни, препораки и резиме.
Писмениот извештај во форма на нацрт се доставува до воспитно- образовната установа, која во рок од 15 дена треба да се произнесе по извештајот.
Училишниот одбор подготвува акционен план за активности што тој ги предлага како одговор на инспекцискиот надзор. Планот содржи активности кои училиштето ќе ги преземе за да постигне подобрување, како одговор на наведената проблематика во инспекцискиот извештај.
По добивањето на одговорот од воспитно-образовната установа и по разјаснувањето на соодветни спорни моменти во извештајот, извештајот се усвојува од Државниот просветен инспекторат. Истиот се доставува до воспитно-образовната установа, училишниот одбор, советот на родители, градоначалникот на општината, односно градот Скопје, до Министерство и до Бирото за развој на образованието.
Извештајот е достапен за јавноста, а резиме од извештајот се објавува на официјалната Интернет страница на Министерството.

### Член 26-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор Државниот просветен инспектор или овластениот просветен инспектор на општината, односно на градот Скопје утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членот 36 ставови 1, 2 и 3 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или правното лице каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.
(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.
(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно за едно или повеќе правни лица.
(5) Доколку во закажаниот термин лицето или правното лице над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
(6) Доколку лицето или правното лице над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.
(7) Доколку Државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје при спроведување на контролниот надзорутврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член,донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.
(8) Доколку Државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.
(9) Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје кој го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>*

### Член 26-б

Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Државниот просветен инспекторат, на унифициран квартален преглед.

### Член 27

Начинот и постапката за вршењето на инспекцискиот надзор, поблиску ќе ги пропишува министерот.

## VIII. ОВЛАСТУВАЊА И ОДГОВОРНОСТИ НА ПРОСВЕТНИОТ ИНСПЕКТОР

### Член 28

Државниот просветен инспектор при вршењето на надзор е овластен да:
1) врши надзор на квалитетот на воспитно-образовната работа преку евалуација;
2) остварува увид во извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во државните и приватните воспитно-образовни установи, ученичките и студентските домови, високообразовните и научните установи и да бараат потребни податоци за тоа;
3) укажува на извршување на законите и другите прописи, односно отстранување на констатираните недостатоци произлезени од примената на незаконски мерки или од повредата на законот и другите прописи во државните и приватните воспитно-образовни установи, ученичките и студентските домови, високообразовните и научните установи;
4) спречи спроведување на незаконски мерки, дејствија, работи и постапки во државните и приватните воспитно-образовни установи, ученичките и студентските домови, високообразовните и научните установи;
5) предлага поведување постапка за поништување на испити при чие спроведување се повредени прописите и поништување на
свидетелства, дипломи и други јавни исправи добиени од тие испити;
6) предлага поведување постапка за поништување на свидетелства, уверенија и дипломи издадени од воспитно-образовните установи кои немаат дозвола за работа;
7) издава привремена забрана за користење (односно) употреба на оспоруваните свидетелства, уверенијаи дипломи се до донесувањето на конечна одлука за нивна валидност;
8) предлага поведување на дисциплинска постапка против вработените во државните и приватните воспитно-образовни установи, ученичките и студентските домови, високообразовните и научните установи;
9) предлага отстранување од работното место во случаите утврдени со овој закон;
10) предлага поништување на оценка и определување на повторна проверка на знаењето и оценувањето на учениците и
11) го известува основачот на воспитно-образовната институција за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот или здравјето на децата, учениците, студентите и на вработените во воспитно-образовниот процес.

### Член 29

Овластениот просветен инспектор при вршењето на надзор е овластен да:
1) остварува увид во извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје и да бара потребни податоци за тоа;
2) укажува на извршување на законите и другите прописи, односно отстранување на констатираните недостатоци произлезени од примената на незаконски мерки или од повредата на законот и другите прописи во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
3) спречи спроведување на незаконски мерки, дејствија, работи и постапки во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
4) предлага поведување на дисциплинска постапка против вработените во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
5) предлага отстранување од работното место во случаите утврдени со овој закон и
6) го известува советот на општината, односно Советот на градот Скопје за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот или здравјето на децата, учениците, студентите и на вработените во воспитно-образовниот процес.

### Член 30

Просветниот инспектор предлага до раководниот орган на воспитно- образовната установа, ученичкиот и студентскиот дом, високообразовната и научната установа, мерка отстранување на вработен од работно место ако врз основа на факти при вршење на надзорот утврдил дека постои основано сомнение дека наставник и други вработени во воспитно-образовниот процес сториле повреда со тоа што:
- се зависници од дрога, односно алкохол,
- наведуваат ученици, студенти за уживање на дрога или на конзумирање алкохол или на истите им продавале дрога

или алкохол,
- не презема мерки за спречување на учениците и студентите од уживање на дрога, односно конзумирање алкохол, доколку знаеле за ваква појава во воспитно-образовните установи,
- вршат физичко и психичко малтретирање врз деца, ученици и студенти,
- наведуваат кон сексуална злоупотреба или сексуално злоупотребуваат ученик, студент или вработен и
- прават повреда при наплатување и распределба на финансиските средства.
Просветниот инспектор до органот кој го избира директорот на воспитно-образовната установа, високо-образовната и научната установа, ученичкиот и студентскиот дом предлага мерка отстранување од работното место, ако врз основа на факти при вршењето на надзорот утврдил дека постои основано сомневање дека директорот сторил повреда од ставот 1 на овој член.

### Член 31

(1) За извршениот надзор, утврдените состојби, преземените дејства и преземените мерки, просветниот инспектор составува записник.
(2) Доколку просветниот инспектор утврди дека не се применуваат законите, прописите и другите акти, донесува решение со кое се наредува извршување на определени мерки во одреден рок кој го определува инспекторот, а кој рок не може да биде подолг од осум дена од денот на донесувањето на решението.
(3) Записникот и решението државниот просветен инспектор ги доставува до воспитно-образовната установа, ученичкиот и студентскиот дом, високообразовната и научната установа каде што е извршен инспекцискиот надзор, до Министерството за образование и наука и до директорот на Државниот просветен инспекторат, во рок од осум дена од денот на извршениот инспекциски надзор.
(4) Записникот и решението овластениот просветен инспектор ги доставува до воспитно-образовната установа, ученичкиот дом каде што е извршен инспекцискиот надзор, до советот на општината, односно Советот на градот Скопје, во рок од осум дена од денот на извршениот инспекциски надзор.
(5) Установата од ставовите 1 и 2 на овој член во која што е извршен надзорот е должна за преземените мерки за отстранување на недостатоците во работата наредени со решението да го извести надлежниот инспектор во дадениот рок од денот на приемот на решението.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>*

### Член 32

(1) Против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(2) Жалбата од ставот 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.
(3) По жалба против одлуките на државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 03.01.2025 >>*

### Член 33

(1) Ако просветниот инспектор во вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека со повреда на закон или друг пропис е сторен прекршок ќе изрече глоба во мандатна постапка.
(2) Ако глобата од ставот 1 на овој член не се плати во утврдениот рок, просветниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.
(3) Ако просветниот инспектор во вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека со повреда на закон или друг пропис е сторено кривично дело ќе поднесе пријава за сторено кривично дело.
(4) Органот на кого му е поднесено барањето, односно пријавата од ставовите 1 и 3 на овој член е должен својата одлука да ја достави до просветниот инспектор.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 04.05.2010 >>*

### Член 34

Просветниот инспектор кога во вршењето на инспекцискиот надзор ќе утврди повреда на закон или друг пропис над чија примена врши надзор друг орган на државната управа, е должен за тоа да го извести надлежниот орган на државната управа.

### Член 35

Просветниот инспектор е одговорен, ако:
1) при вршењето на надзорот со решение не нареди преземање на мерки и дејства кои по законот бил должен да ги преземе;
2) ги пречекори своите законски овластувања;
3) ја злоупотреби службената должност;
4) не поднесе пријава, односно не ги извести надлежните органи за утврдените неправилности и недостатоци и
5) не се легитимира пред почнувањето на вршењето на инспекцискиот надзор.
Постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор се води согласно со Законот за државните службеници.

## IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 36

(1) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако не се води е-дневник врз неделна основа во основното и средното училиште.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член, на одговорното лице во правното лице.
(3) Глоба во износ од 40 до 60 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот ако не води е-дневник врз неделна основа во основните и средните училишта.
(4) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
- на инспекторот не му овозможи непречено вршење на надзорот (член 19),
- на инспекторот не му овозможи во определениот рок пристап до просториите, документите и потребните податоци кои се предмет на инспекцискиот надзор (членови 28 и 29),
- не постапи по барањето, односно наредбата на инспекторот (член 31) и
- на инспекторот во определениот рок не му достави или подготви точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор.
(5) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот 4 на овој член на одговорното лице во правното лице.
(6) Глоба во износ од 320 до 375 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице вработено во правното лице за дејствијата од ставот 4 на овој член.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.08.2015 >>*

### Член 36-а

Средствата од глобите изречени во постапка со издавање на прекршочен платен налог од страна на државните просветни инспектори се приход на Буџетот на Република Македонија, а средствата од глобите изречени во постапка со издавање на прекршочен платен налог од страна на овластените инспектори на општините и на градот Скопје се приход на општините и градот Скопје.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.08.2015 >>*

### Член 36-б

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.08.2015 >>*

### Член 36-в

(1) За прекршоците утврдени во член 36 од овој закон, државниот просветен инспектор должен е на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоци.
(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише.
(3) Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.
(4) Во записникот од став 2 на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.
(5) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.
(6) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.
(7) Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме,

односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(8) Личните податоци од ставот 6 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(9) Министерот за образование и наука ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.08.2015 >>*

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 37

Министерот најдоцна во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ги донесе прописите чие донесување е утврдено со овој закон.

### Член 38

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за просветната инспекција ("Службен весник на Република Македонија" број 33/95).

### Член 39

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ОДРЕДБИ

*поврзани со*

**ЗАКОН ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ**

во консолидираниот текст

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**
**Сл.В. 81/2008**

### Член 3

"Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**
**Сл.В. 148/2009**

### Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**
**Сл.В. 57/2010**

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**
**Сл.В. 51/2011**

### Член 9

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**
**Сл.В. 51/2011**

и додаден Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаден

Автоматски додаден

### Член 10

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просветната инспекција.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 51/2011**

### Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 24/2013**

### Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 137/2013**

### Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просветната инспекција.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 137/2013**

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 164/2013**

### Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просветната инспекција.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 164/2013**

### Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 41/2014**

### Член 4

Директорот на Државниот просветен инспекторат именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 41/2014**

### Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просветната инспекција.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл.В. 41/2014**

### Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат дасе применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл.В. 33/2015**

### Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просветната инспекција.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл.В. 33/2015**

### Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност (Службен весник на Република Македонија број 199/14).

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл.В. 145/2015**

### Член 5

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл.В. 145/2015**

### Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просветната инспекција.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл.В. 145/2015**

### Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл.В. 30/2016**

### Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл.В. 64/2018**

### Член 3

Одредбите од членот 5 став (3) точка 5) од Законот за просветната инспекција ("Службен весник на Република Македонија" број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15 и 30/16) и

Автоматски додаден
Автоматски додаден
Автоматски додаден
Автоматски додаден
Автоматски додаден
Автоматски додаден
Автоматски додаден
Автоматски додаден

одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 5 став (3) точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 64/2018**

## Член 4

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување. На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 64/2018**

## Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 3/2025**

## Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

**Сл.В. 74/2025**

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".